**ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ” С.МИЛАДИНОВЦИ**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО 2020 – 2022 ГОДИНА

**Јуни, 2022**

## С О Д Р Ж И Н А

**Вовед** ..........................................................................................................................3

**1.** Организација и реализација на наставата и учење. ..........................................................11

**2.** Постигнување на учениците ............................................................................................ 17

**3.** Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар.. .. ....25

**4.** Управување и раководење ...............................................................................................29

**5.** Комуникации и односи со јавност.......................................................................................31

**6.** Училишна клима и култура ........................................................................................... ...35

**7.** Соработка со родителите и со локалната средина ......................................................45

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Вовед**

Врз основа на Законот за основно образование Училишниот одбор на училиштето на секои четири години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија,советодавната и стручната помош од БРО, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници од страна на Државниот испитен центар.

На секои две години училиштето врши самоевалуација.Самоевалуацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.

Согласно одредбите на член 129 став 2 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ ,,Браќа Миладиновци" – с. Миладиновци, донесе Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на училиштето.

Идентификациони податоци на училиштето

<table>
<tr><td>Име на училиштето</td><td colspan="3">ООУ „ Браќа Миладиновци" с. Миладиновци</td></tr>
<tr><td>Локација на училиштето</td><td colspan="3">Централно училиште</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Контакт информации</td><td>Телефон</td><td>Факс</td><td>E-mail</td></tr>
<tr><td>02 257 709</td><td>02 257 709</td><td>brmiladinovci@yahoo.com</td></tr>
<tr><td>Директор на училиштето</td><td colspan="3">Марија Зоксимовска</td></tr>
<tr><td>Степен на училиштето Струка Профили на програмите во училиштето</td><td colspan="3">Основно Училиште</td></tr>
<tr><td>Број на ученици во учебната 2021/22 Година</td><td colspan="3">355 ученици</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td rowspan="2">Број на вработени</td><td>Наставници</td><td>Стручни соработници</td><td>Административен и технички кадар</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>32</td><td>2</td><td>8</td><td>42</td></tr>
</table>

Специфичности на организацијата

ООУ” Браќа Миладиновци” с. Миладиновци се наоѓа во општина Илинден. Во состав на централното училиште работат две подрачни училиште во селата Текија и Мршевци.

Развојниот пат на училиштето може да се каже дека минува низ две етапи и тоа: првата од 1939 година, втората од 1957 година, па до денес.

Училиштето “ Браќа Миладиновци” с. Миладиновци, работи во три објекти објект и тоа, централно училиште во с. Миладиновци и две подрачни училишта во с. Мршевци и с. Текија.

Училиштето е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I– IX одделение.

ООУ” Браќа Миладиновци” с. Миладиновци е деветтгодишно училиште кое ги опфаќа учениците од од шест села и тоа : Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци, каде наставата се изведува на македонски јазик.

ПООУ Мршевци во село Мршевци ги опфаќа учениците од прво до петто одделение од селата Мршевци и Бучинци, додека пак ПООУ Текија ги опфаќа учениците од реонот на село Текија и Дељадровци, исто така од прво до петто одделение. Учениците кои патуваат до училиштата повеќе од 2 км. е обезбеден беспатен превоз од страна на општината Илинден, а превозник е ЈСП.

Површина на училшниот двор во централното училиште – тревна површина - 800 m2 и друга дворна површина - 10 000 m2.

Површина на училшниот двор во ПООУ Текија – тревна површина - 2000 m2 и друга спортски терени - 600 m2.

Површина на училшниот двор во ПООУ Мршевци – тревна површина - 2000 m2 и друга дворна површина - 10 000 m2.

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО - ПО ШТО СМЕ ПРЕПОЗНАТЛИВИ

| Стратегија и визија |
| --- |
| Модерно, иновативно, отворено училиште кое постојано ќе биде свртено кон промени кои ќе придонесат за поквалитетен наставен процес во чиј центар ќе биде ученикот. Целиме кон училиште по мерка на детето, место каде што учениците со желба ќе престојуваат, ќе ги задоволуваат различните образовни потреби и ќе се оспособуваат за доживотно учење.Современите нагледни средства ќе овозможат интересна истражувачка и креативна настава.Училиштето да претставува, средина без насилство здрава средина во која ќе се негува спортот . |




***<u>МИСИЈА</u>***

**Нашето еко - училиште е пријатно катче за стекнување знаења, воспитување и толеранција помеѓу учениците, родителите и вработените. Со професионален пристап на вработните и употреба на информатичката технологија го подобруваме квалитетот на наставата и ја афирмираме и промовираме нашата воспитно-образовна институција.**

## ***ВИЗИЈА***

**Подобри услови за работата на училиштето, унапредување на мултикултурната соработка и помагање на учениците од социјално ранливите категории ќе создадеме квалитетна клима за работа и ќе го подобриме училишниот успех.**

| **Локално опкружување на училиштето во Општина Илинден** |
|---|
| 1. **Културни установи – културен дом, општинска библиотека**<br>2. **Образовни установи – основни и средни училишта**<br>3. **Здравствени установи- амбуланти**<br>4. **Спортски објекти –спортска сала, спортски игралишта**<br>5. **Стопански и нестопански објекти** |

**ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Податоци за наставен и ненаставен кадар**

| **Кадар** | **Вкупно 40** | | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Маке-донци** | | **Роми** | | **Срби** | | **Власи** | | **други** | |
| | **Цен-трално** | **Подрач-ни** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 33 | 10 | 8 | 33 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 24 | 8 | 7 | 23 | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 2 | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошно-технички кадар** | 5 | 2 | 1 | 6 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

**УЧЕНИЦИ**

**Централно училиште**

| Одд. | Бр. на пара-лелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 1 | 23 | 6 | 4 | 6 | 7 | | | | | | |
| II | 2 | 32 | 12 | 7 | 10 | 3 | | | | | | |
| III | 1 | 22 | 7 | 4 | 7 | 4 | | | | | | |
| IV | 1 | 17 | 9 | 4 | 2 | 2 | | | | | | |
| V | 1 | 18 | 4 | 4 | 4 | 6 | | | | | | |
| I - V | 6 | 112 | 38 | 23 | 29 | 22 | | | | | | |
| VI | 2 | 37 | 16 | 7 | 6 | 6 | 1 | 1 | | | | |
| VII | 2 | 52 | 15 | 21 | 4 | 10 | 1 | 1 | | | | |
| VIII | 2 | 43 | 16 | 19 | 4 | 4 | | | | | | |
| IX | 2 | 33 | 17 | 10 | 2 | 3 | / | 1 | | | | |
| VI- IX | 8 | 165 | 64 | 57 | 16 | 23 | 2 | 3 | | | | |
| I - IX | 14 | 277 | 102 | 80 | 45 | 45 | 2 | 3 | | | | |

**ПООУ Мршевци**

| **Одд.** | **Бр. на пара-лелки** | **Бр. на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Роми** | | **Срби** | | **Бугари** | | **Бошњаци** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 1 | 10 | 4 | 6 | | | | | | | | |
| **II** | 1 | 5 | 1 | 2 | | | 1 | 1 | | | | |
| **III** | | 11 | 5 | 3 | | | 3 | | | | | |
| **IV** | 1 | 9 | 2 | 7 | | | | | | | | |
| **V** | | 4 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | |
| **I - V** | **3** | **39** | **13** | **19** | | | **4** | **3** | | | | |

**ПООУ Текија**

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Роми | | Срби | | Бугари | | Бошњаци | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| **II**<br>**III** | 1 | 8<br>7 | 4<br>3 | 4<br>4 | | | | | | | | |
| **IV**<br>**V** | 1 | 7<br>10 | 1<br>8 | 6<br>2 | | | | | | | | |
| **I - V** | 3 | 39 | 20 | 19 | | | | | | | | |

Целта на самоевалуацијата е објективно утврдување и постојано унапредување на квалитетот на работата на училиштето. Самоевалвацијата е показател дека училитето е подготвено да ја прифати одговорноста за сопствената работа и развој.

**Што правиме да бидеме подобри?**

---

Самовреднувањето има единствена цел, подобрување на квалитетот во наставата и севкупниот живот и работа во училиштето. Од анализите и согледувањата се добија показатели за подобрување и унапредување на одделни сегменти и подрачја во работата на училиштето.

Самовреднувањето е насочено кон:

- Процесот на самоевалуација се реализираше преку однапред договорени приоди и постапки: формирање на комисија, тимови одговорни за подрачјата, внатрешна поделба на одговорностите помеѓу членовите на тимовите, изготвување на инструменти, анализи, прибирање на доказни материјали евидентирање на истите и изготвување на извештај
- Претворање на општите цели во конкретни задачи и задолженија
- Хармонизирање и балансирање на обврските на ниво на стручни активи и поединци
- Организираност, систематичност и сигурност во работата во делувањето на сите субјекти на ниво на училиште
- Можност за воспоставување квалитетен систем на следење, анализирање и вреднување на работата

**АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈАТА/ОБЛАСТИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| **ПОДРАЧЈА** |
|---|
| **1. Организација и реализација на наставата и учењето** |
| **2. Постигнување на учениците** |
| **3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** |
| **4. Управување и раководење** |
| **5. Комуникации и односи со јавност** |
| **6. Училишна клима и култура** |
| **7. Соработка со родителите и со локалната средина** |

**Подрачје (клучна област): 1. Организација и реализација на наставата и учењето**

***Организација на наставните планови и програми***

***Реализација на наставните планови и програми***

***Применувани наставни планови и програми***

Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставните планови и програми во нашето училиште се реализираат целосно со прилагодување на содржините според условите и можностите на училиштето и со остварување на поставените цели. Наставните планови и програми во секое време им се достапни на наставниците бидејќи се во електронска форма за секое одделение на ниво на училиште и подрачни паралелки, и истите се користат во секојдневното работење . Во учебната 2021/2022 година МОН воведе нова Концепција за основно образование за прво и четврто одделение. Паралелно со новитетите во редовниот дел на овие одделенија се воведоа промени во воннасставните активности и слободните и изборни предмети во четврто одделение.

***Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми***

Целите на наставните планови и програми кои треба да се остварат, треба да ги знаат и учениците и родителите, па поради тоа училиштето применува повеќе начини за информирање на родителите и учениците за истите.

Наставните планови и програми непосредно и постојано им се достапни на наставниците, а на родителите и на учениците:

- Преку давање на информации и поттикнување на дискусии за истите на родителските состаноци и Советот на родители, при што се добива повратна информација за наставните планови и програми
- Преку запознавање со Интернет страната на Бирото за развој на образованието на која се истакнати наставните планови и програми со нивните цели, активности и содржини
- Преку анкетирање на учениците и родителите.

Наставниците за секоја учебна година изготвуваат Годишна програма во кој се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување кој им го презентираат на родителите и учениците на родителски состанок на почетокот на учебната година. Оваа информација повеќе се однесува за учениците од прво до шесто одделение кога се врши описно и комбинирано оценување, така што родителите и учениците се запознаваат со овие документи на почетокот на учебната година преку презентирање на родителските состаноци. Со помош на овие документи родителите подобро ќе знаат што треба нивните деца да научат (кои цели да ги остварат) и ќе можат тоа да го споредат со описното оценување од евидетните листови за оценување. Ова посебно се однесува на учениците од 1 до 3 одделение каде оценувањето е описно и во 4, 5 и 6 одделение каде имаме комбинирано оценување ( описно и бројчано).

Во другите одделенија од 7 до 9 одд родителите се информираат и за критериумите на оценување кои треба да се постигнат за да се добијат соодветните оцени.

Учениците се запознаваат со целите на наставната програма и критериумите за оценување во текот на целата учебна година на часовите на секој наставен предмет и со помош на

инструментите и техниките на оценување со кои се сретнуваат во текот на наставата во тестовите и работните листови.

Според реализираното истражување **89%** од учениците и **96 %** од родителите сметаат дека училиштето навремено ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.

***Приспособување на наставните планови и програми на децата со посебни образовни потреби***

Училиштето работи со деца со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава, според извештајот од МКФ и се изработуваат индивидуални програми со адаптирани наставни цели по сите наставни предмети. Наставниците посебно ги истакнуваат целите кои се однесуваат на социјализацијата, комуникацијата и стекнување основни поими на овие ученици за себе и средината околу себе. Во училиштето има формирано инклузивни тимови за два ученика со посебна образовна потреба и еден инклузивен тим на ниво на училиште, согласно законот за основно образование. Инклузивниот тим кој работи на оваа проблематика се консултира и соработува со стручни лица – дефектолози од ПОУ Иднина, МКФ, Центар за ментално здравје кои ја даваат својата стручна помош и поддршка при реализацијата на наставата.

***Избор на наставни предмети***

Училиштето изборот на изборните предмети го врши според согласно Наставниот план и програма при што наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, односно на нивните родители. Определбата е направена според предходно спроведена анкета. При реализација на наставата се применуваат разновидни современи наставни методи. Во нашето училиште се реализира настава по следните изборни предмети.Во учебната 2021/2022 година Бирото за основно образование изготви Водич за слободни изборни предмети во Основно образование и според истиот Водич училиштето ги понуди изборните предмети во четврто одделение. Новитет за изборот на слободни изборни предмети е тоа што ученикот може да избере два изборни предмети во текот на учебната година. Врз основа на направената анкета учениците ги избраа следните предмети:

1. Заштита на животна средина
2. Мултикултурни работилници
3. Пинг-Понг
4. Одбојка

Кај учениците од петто до деветo ќе се реализираат следниве изборни предмети:

Творештво
Етика на религии
Проекти од ликовна уметност
Проекти од информатика
Нашата татковина
Истражување на родниот крај

Училиштето нуди изборни предмети кои можат да ги изберат учениците. Доказ за тоа се резултатите од спроведената анкета според кои **95%** од родителите **96%** од учениците позитивно се изјасниле и сметаат дека постапката за избор на наставни предмети во целост се применува со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.

***Планирање на активности за реализација на слободните часови/ проектните активности на училиштето***

Проектните активности во училиштето се разновидни и сеопфатни. Училиштето овозможува програми од разни области во рамките на слободните часови и вонnаставните активности. Според Концепцијата за вонnаставни активности за основно образование активностите ќе бидат во функција на националните обрзовни стандарди и во согласност со компетенциите зацртани во нив. Сите вонnаставни активности треба да се водат од компетенциите пишани во подрачјата личен и социјален развој и демократска култура и граѓанство.

Почитувајќи ги можностите и потребите на учениците, нашето училиште реализира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците.

Програмата за прифаќање и згрижување на учениците се реализира еден час пред настава и еден час после наставата. Наставниците ги прифаќаат учениците според определен распоред кој им е достапен на родителите и учениците.

Во наставата се интегрира и алатката *Зелен пакет јуниор* во наставните предмети соодветно со

наставните содржини со цел да се подигне на повисоко ниво еколошката свест.

Во учебната 2013/2014 година започна *Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието(ПМИО).* Во овој проект се вклучени сите субјекти на воспитно-образовниот процес: директор, родителите, учениците,наставници и психолог. Наставниците учествуваа на дисеминација на проектот за МИО и на повеќе работилници за професионално усовршување .Планирани се и реализирани самостојни активности и заеднички активности во кои активно учество зедоа наставници, родители и ученици од различен етнички, социјален и економски статус. Проектот беше реализиран со партнер училиштето „Кочо Рацин“ од с.Огњанци општина Петровец со една единствена и заедничка цел – интегрирање на содржини и активности со кои ќе се подобрува почитувањето на разликите и соработката со етничките заедници кои живеат во Република Македонија.

*Проектот за намалување на насилството* во основните училишта во нашето училиште продолжува преку разновидни активности: ликовни и литературни конкурси, изложби, натпревари, презентации, поставување на катче во училиштето, Форум театар и работилници.

***Квалитет на наставните планови и програми***

***Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала***

Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите.Родово – инклузивен курикулум не значи само постигнување на родова рамноправност во училиштата туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини. Еден дел од овие наставни содржини училиштето ги планира и реализира во програмата за часот на одделенската заедница според програмата Образование за животни вештини.

Постои можност за нагласување на половата различност и родовата еднаквост бидејќи на возраста на учениците во основното образование настануваат најголемите антагонизми помеѓу момчињата и девојчињата. Темите кои се изучуваат на оваа возраст препорачливо е да се обработуаат како дебати и дискусии со што ќе им се даде поголема можност на учениците од различна етничка и верска припадност и различен економски и социјален статус да го искажуваат своето размислување, своите ставови, своите традиционални вредности, а на наставникот му се дава можност директно да го набљудува ученикот и да го насочува кон препознавање на родовиот и етничкиот концепт и постигнување на етничка и родова рамноправност. На овој начин учениците искуствено ќе научат да ги почитуваат разликите без предрасуди и омаловажување на соговорникот и ќе ги надминат етничките стереотипи.

Најмногу треба да се работи во подигнување на свеста кај учениците дека не постојат "машки" и "женски" професии и етничка и социјална подвоеност да се афирмираат и поттикнат да ја бараат својата идна професија според личните способности, а не според припадноста на полот и етничката припадност.

***Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала***

Наставните планови и програми преку новите наставни содржини и новите поставени цели доста добро го помагаат и личниот и општествениот развој на сите ученици без разлика на родовата и етничката припадност со ставање акцент на:

- јакнење на самодовербата
- секојдневна соработка меѓусебно
- договарање
- разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.

***Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала***

При изработката на Годишните наставни програми по предмети и при изработката на Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.

Реализацијата на овие интеграции се врши со посета на научни, производствени и образовни институции: музеи, посета на археолошки локалитети, посета на просториите во општината и др. Сите овие активности придонесуваат за да можат учениците посликовито да ги осознаат новите содржини и поими кои се сретнуваат во новите наставни планови и програми и за остварување на поставените образовни цели.Учениците се вклучени и во повеќе проектни активности според нивните интереси и желби во рамките на слободните часови.Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.

Посета на изложби и музеи

- Посета на невладини организации
- Посета на изложби и музеи
- Посета на јавни институции
- Посета на кинотека, кино и театар
- Соработка со МВР – се одржуваат предавања од страна на сообраќајната полиција за правилно и безбедно движење во сообраќајот
- Посета од страна на стручни медицински лица во врска со промените во пубертетот кај женската популација
- Посета и стручни предавања од стоматолог.

***Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието***

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки и меѓупредметните цели ги реализираат со помош на активности кои ги планираат во своите годишни и тематски планирања и кои придонесуваат за:

- јакнење и развивање на самодовербата;
- развивање на иницијативноста;
- стекнување на одговорноста;
- почитување на различноста и основните човекови права;
- јакнење на свеста на учениците за припадност на РСМ како мултикултурно општество.

Реализираните активности придонесуваат за јакнење и развивање на самодовербата кај учениците и развивање на вештините за иницијативност и решавање проблеми во рамките на сите наставни предмети. Учениците се вклучени во проектни активности, истражувачки задачи и работилници по различни наставни предмети преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото размислување, како и чувството за одговорност за задачите што треба да ги исполнуваат и целосно да ги извршуваат. Учениците добиваат повратна информација за нивната работа и се посочуваат аспектите на кои во иднина треба да се посвети дополнително внимание.
Истовремено, преку наставните програми учениците учат да ја почитуваат различноста, се запознаваат со своите права, како и со своите обврски и одговорности кога станува збор за почитување на основните човекови права на другите. Кај нив се јакне свеста за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество и се запознаваат со традицијата, обичаите и религиите на сите етнички заедници што живеат во Македонија.

***Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми***

Тимот кој работи во подрачјето Наставни планови и програми во рамките на тимот за самоевалуција и подобрување на квалитетот на работата на училиштето, спроведе анкети за родители за да се идентификува нивното мислење, задоволство и прифаќање на наставните планови и програми според кои учат нивните деца. Родителите се запознати со наставните планови и програми по сите наставни предмети, нивните цели и содржини.

## ***<u>Вонанаставни активности</u>***

***Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности***

Училиштето планира и реализира воннаставни активности според Концепцијата за воннаставни активности во основно образование што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.

Воннаставните активности кои се реализираат во нашето училиште се: секции – млади математичари, литературна секција, новинарска секција, секција по англиски јазик, млади биолози, хемиска секција, географска секција, историска секција, млади физичари, секција за спорт, хор, оркестар, ликовна секција и други.

За сите воннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат , како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.

Според реализираното истражување **40%** од учениците и **35 %** од родителите сметаат дека потребна е поголема разновидност на воннаставните активности кои се планираат и реализираат и тие целосно да се прилагодат на потребите и интересите на учениците.

*Опфатеност на учениците со вонnаставните активности*

Голем број ученици се вклучени барем во една вонnаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без оглед на нивната етничка и верска припадност , нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите, мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето.

Во вонnаставните активности исто така се вклучуваат и учениците од семејства со низок социо- економски статус и од различни етнички заедници. Нашето училиште ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа наставниците ги планираат и реализираат вонnаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари.

Училиштето и наставниците даваат голема подршка на учениците за учество во разновидни манифестации и вонnаставни активности. Доказ за тоа се резултатите од спроведената анкета според кои **96 %** од родителите, **92 %** од учениците и **100 %** од наставниците сметаат дека учеството на учениците во вонnаставните активности и манифестации е со подршка од училиштето и наставниците.

*Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на вонnаставните активности*

Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на вонnаставните активности. Преку вонnаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења. Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област, со што се зголемува нивното искуство и се подобрува нивната лична благосостојба.Најголем дел од испитаниците позитивно се изјасниле за вклученоста на учениците при изборот и учеството во вонnаставните активности .Резултатите од анкетата покажаа дека **96%** од наставниците целосно а **4 %** од наставниците делумно се согласуваат со тоа дека учениците се вклучуваат во вонnаставни активности по сопствен избор.

Голем број ученици, **93 %,** сметаат дека тие се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор и според своите интереси и способности.

*Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставнитеактивности*

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво (приредби по повод православни празници: Божиќ, Велигден, масканбал по повод Денот на шегата, прием на првачињата во Детската организација, Детска недела, различни општински, регионални, републички и меѓународни натпревари).

Придобивките од вонnаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати.Иако постојат и се користат средства (фејсбук страната на училиштето, веб страната на општината) за афирмирање на вонnаставните активности и на производите од нив , сепак дел од учениците (**15 %**) сметаат дека е потребна поголема афирмација на училиштето во локалната средина и пошироко, преку организирање и учество во разновидни вонnаставни активности и манифестации.

**Јака страна** :

- Училиштето ги информира учениците и родителите за Наставните планови и програми што се реализираат
- Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и вонннаставни активности
- Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на учениците
- Водење уредно ученичко портфолио за секој ученик
- Училишниот простор ги исполнува условите, за изведување на наставата,според нормативот. Големината на учлниците соодвествува со бројот на учениците во паралелките
- Поставени се нови врати во Централното и подрачните училишта
- Заменет е котелот во ПООУ Мршевци
- Поставена е ограда во Централното училиште
- Промена на кровна конструкција во ПООУ Текија

**Слаба страна:**

- Работа во две смени во централното училиште
- Неискористени простории во ПООУ Мршевци за прво одделение и помошни простории
- Неограден двор во подрачното училиште во Мршевци
- Искористување на сончевата енергија како можност за заштеда на топлинска енергија

**Приоритет:**

- Изградба на 4 училници во централното училиште
- Реконструкција на постоечките руинирани простории во подрачното училиште во Мршевци и адаптација на училница за прво и помошни простории
- Оградување на дворовите во подрачното училиште во Мршевци
- Поставување на сончев колектор за искористување на сончевата енергија како можност за заштеда на топлинска енергија .

| **Подрачје (клучна област): 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
| --- |
| ***Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност(и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди*** Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етичка припадност по сите наставни предмети по класификациони периоди (во учебната 2019/20, учебна 2020 /21 и учебна |

2021/22). Училиштето ги следи постигањата на учениците на одделенските и наставничките совети. Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Од изготвените табели може да се увиде бројот на учениците по пол и етичка припадност во трите години.Според етичката припадност најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци. Од друга етичка припадност во нашето училиште учат: Срби и Роми. Од етичката припадност најмногу се застапени ромите со 20% од учениците.

Се изработуваат прегледи за успехот по пол и етичка припадност но бидејќи бројот на ученици од други етички заедници е незначителен и нивниот успех не влијае на општиот успех на училиштето. За успехот по предмети се гледа дека има мало отстапување овие отстапувања се доволни показатели дека формативното оценување вроди со плод и оценувањето стана по реално.

Успех на учениците на крајот на учебна година

| Години: | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 |
|---|---|---|---|
| Среден успех | **4,27** | **4,30** | **4,33** |

- ***Подобрување на постигања на учениците од различен пол,етничка припадност***

Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етичка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности.

Увидот за напредокот во постигањата може да се види од изготвените табели на периодични, полугодишни и годишни извештаи. Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на изјавата од мисија и визија на училиштето кои се достапни и видливи за сите ученици, родители, наставници и пошироко заедница.

Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување. Исто така се поттикнува учениците преку реализацијата на дополнителна и додатната настава која се реализира според предходно изготвен распоред и според потребите на секој ученик и во корелација со одделенските и предметните наставници. Родителите имаат можност да го користат Е-дневникот за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца . Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор , ако и тоа не вроди со плод, тогаш родителите се упатуваат на советување.

- ***Идентификација на учениците со потешкотии во учењето,на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби***

Раководителот на паралелката односно одделенскиот раководител и сите предметни наставници ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби. Советот на одделенските и предметните наставници ги идентификува учениците со потешкотии во развојот. Идентификација се врши со опсервација од наставниот кадар и стручната служба во соработка

со „ МКФ“ – Скопје и Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје.

По одредени наставни предмети, за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии се организира дополнителна настава. Исто и за ученици кои посебно се истакнуваат преку додатната настава се спремаат за учество на натпревари. Наставниците по секој наставен предмет имаат изготвено програма за дополнителна и додатна настава по која работат.

Во текот на целата учебна година училиштето организира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна наства за учениците кои покажуваат значителни резултати во одредени области.

***Подобрувања на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава /додатна настава***

Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава за што се изготвува распоред и на првата вонредно-наставничка родителска средба родителите се известуваат. Исто така училиштето реализира додатна настава во текот на целата учебна година со изготвен распоред за ученици кои покажуваат значителни резултати во определени области. Од дополнителната настава кај учениците се подобрува успехот. А во додатната настава учениците кои посебно се истакнуваат се подготвуваат за учество на натпревари. Нашето училиште учествува во натпреварите кои се организираат по одредени предмети и резултатите се на високо ниво со добиени награди на први места.

Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати: 80%од родителите се изјасниле целосно да дека наставниците ги почитуваат и задоволуваат индивудуалните интереси и потреби на учениците, делумно се изјасниле 20%.

Во однос на поддршката во редовната настава на учениците со посебни образовни потреби (со потешкотии и надарени ) родителите се изјасниле на следниот начин:85% целосно 15% делумно. Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување на успехот на учениците родителите се изјасниле на следниот начин: 77% целосно 23% делумно. Наставниците ги вклучуваат во воннаставни активности во зависност од желбите и интересите и способностите родителите се изјасниле на следниот начин: 87% целосно 13% делумно. Континуирано сум информиран за постигањата на моето дете родителите се изјасниле на следниот начин: 86% целосно да, 14% делумно.

Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати: 86% целосно да дека наставниците ги споделуваат својте мислења за постигањата на учениците на одделенските и наставничките совети, 14% делумно да . Наставниците се консултираат со стручната служба за подобрување на постигањата на учениците наставниците се изјаснија на следниот начин:87% целосно да,13%делумно.

Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување на успехот на учениците: наставниците се изјаснија на следниот начин: 52% целосно да , 48% делумно. Наставникот го следи напредокот на учениците со тешкотии во учењето и дава подршка со избирање на активности соодветни на нивните можности наставниците се изјасниле на следниот начин: 77% целосно да, 23% делумно.

- ***Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование***

Во текот на април и мај средните училишта вршат организирани презентации за деветтоделенците, а во месец мај се реализира Програмата за професионална ориентација од страна на психологот на училиштето. Целите за превземање на овие активности се во интерес на учениците како би извршиле правилен избор на понатамошното образование и да направат разлика помеѓу фантазијата и реалниот избор на идното занимање.

***Опфат на учениците***

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, на сите ученици и презема различни активности (соработка со надлежните институции, соработка со НВО, локалната заедница) да ги опфати сите ученици од својот реон. Од година во година се забележува намалување на бројот на запишани ученици во прво одделение.

***Редовност во наставата***

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничка припадност и социјалното потекло) ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано) и навреме превзема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

Вкупниот број изостанувања на учениците од предметна настава е најголем во учебната 2019/20 година и изнесува или 19 изостаноци по ученик. Од оваа бројка изостанувања, учениците од одделенска настава имаат направено во просек по 2 изостанување по ученик, а предметна настава по 39 по ученик од учениците од предметна настава.

Во учебната 2020/21 година направени се помал број на изостаноци, вкупно 10066 изостаноци, од кои во одделенска настава се направени 1 по ученик, а во предметна во просек 32 изостаноци од ученик.

Во учебната 2021/22 година направени се помал број на изостаноци, вкупно 6259 изостаноци, од кои во одделенска настава се направени 1 по ученик, а во предметна настава 6076 изостаноци или по ученик 32

Училиштето континуирано го следи редовното доаѓање на учениците и изостаноците ги заведува во одделенските дневници. На советот на одделенски и предметни наставници,одделенските и раководителите на паралелката даваат извештај за редовноста на учениците, при што се врши анализа на причината на отсуството. Секојдневно се бележи отсуството на учениците во е-дневникот на паралелката. Одделенскиот раководител и раководителот на паралелката соработува со родителите и ги дознава причините за изостанување.

Ако нема повратна информација се вклучува психологот и по службен пат испраќа покана до родителите. Според Законот за основно образование, ако ученикот има 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци родителот се упатува на советување. Изостаноците на учениците се дадени во годишниот извештај и извештајот за работа на училиштето.

***Осипување на учениците***

Осипувањето на ученици е незначително (3%) . Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште најчесто е поради заминување во странство или иселување од местото на живеење.

***Премин на учениците од едно училиште во друго***

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно училиште во друго.
При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

Кога ученикот се испишува или доаѓа од друго училиште му се издава Преведница. Во Преведницата се пишуваат податоци за основното училиште, место, општина, број на главна книга, учебна година, лични податоци за ученикот, податоци за одделението кое го посетувал и успехот по предметите според наставен план, оценка за поведението, изостаноци и причините поради кои престанал да го посетува училиштето, деловоден број, датум, потпис на одделенскиот раководител, потпис на директорот и печат на училиштето.Училиштето соработува со останатите училишта и кога некој сака да се запише во друго училиште добиваме Согласност за запишување ученик од друго основно училиште.

***Повторување на учениците***

Од табеларниот преглед може да се види дека бројот на ученици кои остануваат во исто одделение многу мал. Во училиштето се превземаат мерки за намалување на бројот на истите (интензивна соработка со родители и вклученост на родителите во Програмата за советување на родители  родители).
Ученици кои отсуствуваат подолг временски период, односно не посетиле две третини од наставата остануваат неоценети и се упатуваат на полагање на одделенски испит на крајот од учебната година..

***Известување за напредокот на учениците***

***Известување на родителите за напредокот на учениците***

Нашето училиште комуницира со родителите според пропишана процедура за информирање на родителите за напредокот на учениците и истата се почитува. Секој наставник од одделенска и предметна настава води ученичко портфолио каде се собрани повеќе трудови, наставни ливчиња, контролни тестови и др. кои родителите можат да ги разгледаат во секое време. За таква цел раководителите на паралелки водат и електронска евиденција за индивидуалниот напредок на секој ученик во текот на целата учебна година.

Начинот на оценување кај учениците од Одделенска настава е описно од прво -трето одделение деветтолетка,а четврто и петто оделение се оценува описно на тримесечијата и полугодието, а бројчано на крајот на учебната година. Описното оценување доследно се изведува и целосно соодветствува на индивидуалните постигнувања и карактеристики на секој ученик поединечно, што може да се забележи од увидот во главните книги. Родителите се поканувааат на групни родителски средби кои имаат свој дневен ред на случувања и истиот се запишува во одделенските дневници. Истите се одржуваат после секој период на оценување: прво тромесечие, крај на прво полугодие, трето тромесечие со доделување на Евидентни листи за успехот на учениците и на крајот на учебната година после одржувањето на Наставнички совет каде се утврдува крајниот успех на учениците, со што на родителите им се дава можност 3 дена од известувањето да поднесат приговор при незадоволство од изведената оцена по одреден наставен предмет.

Исто така по потреба се поканувааат и на индивидуални средби во училиштето после секој период на оценување (писмено со изготвени покани),каде се разговара и за евентуалните емотивни или социјални проблеми кај децата. Од родителите секогаш се бара повратна информација после средбата, односно веднаш се договара следна средба во скоро време за да се увиди напредокот или ако има потешкотии да се работи интензивно на нивно разрешување. Во нашето училиште секоја паралелка има усвоен кодекс на однесување во училницата, а изработен е и Кодекс за однесување во училиштето и неговите простории за наставници и ученици.

***Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците***

Одделенските раководители и раководителите на паралелките водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Наставниците во текот на учебната година за секој класификационен период пополнуваат извештај за постигнатиот индивидуален успех на учениците.

За напредокот на учениците се дискутира на состаноците на Советот на одделенски наставници и на Советот на предметни наставници. Одделенскиот раководителот на паралелката го изнесуваат успехот на секој ученик поединечно, подобрување на поведението и на постигањата на учениците за учениците со три и повеќе слаби оценки , се организира советување на родители и работилници на кои присуствуваат и родителите заедно со учениците кои предходно се повикани од страна на одделенскиот раководител и психологот на училиштето.

За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, одделенските раководители да

присуствуваат на советување од страна на психологот на училиштето. (Програма за советување родители на ученици во основни училишта). Ова зборува дека постои соработка меѓу раководниот кадар, психологот, одделенските раководители, раководителите на паралелките/ предметните наставници и родителите. На секој Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници и Наставнички совет се дискутира за сите проблеми поврзани со успехот и за напредокот на идентификуваните талентирани ученици ( и учениците со послаби постигања).

Одделенските раководители/ раководителите на паралелките подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции на учениците (Евидентни листи). Изработуваат извештај и анализи на паралелката кои содржат општ успех, среден успех по предмети, среден успех на одделението. Овие извештаи се достапни на увид на психологот,, раководниот кадар, сите други наставници, родителите и самите ученици. Вака добиените резултати наставниците ги користат за подобрување на формативното оценување, а со тоа и подобрување на постигањата на учениците. Оценувањето е сеопфатно ги вклучува когнитивните знаења и ги зема во предвид емоционалните и социјалните димензии на учењето.

**Анализа на напредокот на учениците по паралелки**

Од обработката на добиените резултати од анкетните прашалници и извршената анализа на прашањето дали одделенските раководители и предметните наставници подготвуваат извештаи за успехот на учениците и дека се достапни на заинтересираните страни се изјасниле 92% со целосно ДА , а 8 % од испитаниците одговориле со делумно.На второто понудено прашање дали одделенските и предметните наставници прават анализа на квартални и извештаи и резултатите ги користат за подобрување на ВОР добиени се исти резултати: целосно ДА - 100%.

**Промовирање на постигањата**

Наставниот кадар учествува во организирање на средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се мотивирани за соодветни постигања на ниво на училиште и на разни натпревари. Наставниците ги мотивираат учениците, ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари користејќи го пофалувањето како техника за поттикнување на учениците. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина и става акцент на бројни активности во таа насока. Училиштето и наставниците им даваат можности на учениците согласно нивните способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. За промовирање на личните постигнувања на учениците во училиштето се органиизираат слободни активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и талент. Се организираат активности од областа на уметноста, културата, но и спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, учество на општински натпревари, воннаставни активности во кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, креативност, интереси, желби и др. Исто така се организира додатна и дополнителна настава.
Личните трудови и изработки на учениците се изложуваат во училници, училишните холови, на социјалната мрежа Фејсбук, на ВЕБ страната на училиштето и на локалните медиуми.

По спроведената анкета кај учениците за промовирањето на нивните постигања во рамките на училиштето и во рамките на локалната заедница 89% се согласуваат со оваа констатација, додека 11% делумно се согласуваат. Промовирањето на постигањата во име на училиштето се изведува со објавување на Фејсбук страната, ВЕБ страната на училиштето и одредени медиуми. Недостасува Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видовите пофалби , награди и сл. Во училиштето секоја година на наставничкиот совет се врши избор на ученици со континуиран одличен успех кои го завршуваат своето школување во училиштето избор на Првенец на генерација според критериуми дадени со Правилникот за избор на првенец на генерација.
Училиштето иако без правилник сепак ги пофалува и мотивира учениците што постигнале успех, но не и наставниците кои го помогнале тоа. Сепак само еден дел од вработените сметаат дека на пофалбата и мотивацијата не се дава големо значење. Училиштето нема политика на поттикнување на наставниот/ненаставниот кадар.

**Слаби страни**

- Ненавремено известување од страна на родителите кои заминуваат во странство на подолг период.
- Незаинтересираност на родителите за постигањата на учениците од Ромската националност.
- Не постои Правилник и Политика за потикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.

**Јаки страни**

- Голема соработка со родителите и вклученост во воспитно образовниот систем.
- Подобрување на условите за работа во сите три објекти на училиштето.
- Квантитативни и квалитативни анализи за постигањата на учениците, редовноста и поведението по квалификациони периоди и години.
- Споредбени анализи на успехот, поведението и редовноста на ниво на училиштата општина Илинден.
- Соработка со средните училишта и други образовни владини и невладини организации.

**Приоритети**

- Да се изготви Правилник за потикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.
- Организирање на предавања за ученици и родители од Ромска националност.

**Подрачје (клучна област): 3. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

**<u>Обезбедување на потребниот наставен кадар</u>**

**Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**

Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за непречено реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар брои 31 лице ( вработени на неопределено време 28, вработени на определено време 3) кои редовно ги извршуваат работните обврски според прописите, а училиштето ја следи нивната работа од страна на директорот и психологот. Стручноста на персоналот и квалификациите одговара на работните места согласно нормативот за работа. Наставен кадар: Со вишо образование се 3, со високо образование се 29, и еден магистер. Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес. Во училиштето работат следните стручните активи.

1.Стручен актив на Одделенска настава
2.Природно- математички актив
3.Општествено- јазичен актив

**Ефективност и распоредување на кадарот**

Постои соработка и надополнување помеѓу наставниот кадар и административно – техничкиот персонал на училиштето.Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнати преку разни обуки и семинари. Во училиштето вработените ги извршуваат своите работни задачи и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар училиштето обезбедува соодветна замена.

**Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**

Во училиштето има психолог кои преку индивидуалните програмски подрачја имаат планирано активности за работа со учениците, родителите и наставниците и секогаш се отворени за помош и соработка.

| | |
|---|---|
| Психолог | 1 |
| Библиотекар | 1 |

Наставниот кадар и стручната служба се вклучени во реализација на еколошката програма преку интеграција на еколошки содржини. Наставниците реализираат еко-проекти со точките на акција од четирите еко стандарди.Исто така со учениците се реализираат еколошки содржини во наставата и разновидни МИО и Еко-активности во соработка со родителите (еко-приредби, собирни акции на батерии,пластика и стара хартија, вклучување на учениците во приготвување на здрава храна и одржана манифестација за време на часовите. Реализација на акција собирање на пластичен отпад преку воспоставување соработка со Општината и Пакомак, во форма на поставување контејнери за собирање на отпадот. Обезбедување соработка со компании или невладини организации со цел подигнување свеста за селекција и справување со електронски отпад. Учество на учениците од одделенска настава во Едуино игратон.

Соработка со Еко Логик за вклучување во проектот Вело училиште

Остварување соработка со Национална Агенција, учество во Еразмус програма и Etwinning училиште

Соработка со катедрата по англиски јазик од Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, преку отстапување на часови за хоспитација за студентите од четврта година студии.

Од анкетите е констатирана следната состојба: Над 98 % од родителите, учениците и наставниците сметаат дека училиштето располага со доволен број соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес.

**Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкети, разговори и изготвување на план и програма за професионален развој според потребите на наставниот и ненаставниот кадар. Училиштето врши дисеминација на обуки за различни проблематики кои се директно врзани со наставните програми. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот при што внесуваефективни иновации во работата и ја следи работата на наставниците - приправници. Секој вработен има Професионално досие за својот професионален развој. Наставниците псоетуваат обуки кои што се дел спроведувани од страна на МОН и БРО, но и обуки од други организации – владини и невладини и странски.од наставниците сметаат дека имаат можност континуирано професионално да се усовршуваат и имаат ажурирано Професионално досие за својот професионален развој. Анализата ја покажува следната состојба: Наставниот кадар се изјаснил дека има интерес за постојан развој на личен и професионален план. Наставниот кадар континуирано професионално се усовршува во училиштето: 70 % одговориле дека целосно и 30% делумно. Наставниот кадар врши дисеминација на наставниците: 100 % со Целосно дисеминирање. Наставниот кадар има ажурирано Професионално досие . 97% со Целосно да и 3% делумно. Училиштето ги следи и им дава помош на наставниците-приправници. 90% одговориле дека целосно се согласуваат и 10 % делумно. Констатирано е дека 90% од настаниот кадар постојано професионално се усовршува , а училиштето дава целосна подршка. Останатитие 10% се делумно вклучени. Родителите и наставниците се изјасниле дека Стручните соработници даваат квалитетна подршка на наставниците, учениците и родителите 97% со целосна подршка и 3% се изјасниле со делумно, што покажува јасна слика за одличната соработка во училиштето.

**Професионален развој**

*Училиштето се стреми кон континуирана надоградба на наставниот кадар со цел следење на најновите методи и начини на работа. Во таа насока се насочува кон:*

- Избор и реализација на акредитирани обуки од каталогот за обуки објавен на БРО.
- Дигитална писменост во наставата, обработка на платформи кои можат да се користат во секојдневната работа со SmartUp.
- Интерни работилници за примери од добра пракса во соработка со стручен актив .
- Обезбедување членство во акредитирана организација на одделенски наставници - ЗОН
- Обезбедување членство во ЕЛТАМ- Асоцијација на наставници по англиски јазик
- Обезбедување на членство во Здружение за наставници по германски јазик
- Обезбедување членство во Здружение на психолози на Скопје - Психовизија
- Учество на интернационални конференции

**Јаки страни**

- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите
- Психологот им помага на наставниците во организација на наставата,следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање помош на учениците. Стручна служба реализира програма „ Советување на родители“, “Советување на ученици”, советодавни работилници за работа со ученици, работа со ученичката заедница, родители и наставници
- Дисеминации на обуките
- Во училиштето се следи работата на наставниците- приправници
- Се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови
- Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување за што е изготвена и програма за професионален развој
- Соработка со ПООУ Ресурсен центар Иднина
- Соработка со МКФ
- Соработка со Филолошки Факултет
- Соработка со невладин сектор
- Регистрација и вклучување во проекти преку Национална агенција
- Учество на конференции

**Слаби страни – слабости**

- Обука на наставници за работа со деца со посебни потреби
- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање на признанија на наставниот/ненаставниот кадар.
- Слаба соработка со локалната самоуправа во делот на оддавање на признание и стимулација на наставниот и ненаставниот кадар за нивните постигања на ниво на училиштето и пошироко.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Наставниците имаат потреба од повеќе обуки за работа со деца со посебни потреби
- Воспоставување соработка со дефектолог на ниво на општина Илинден
- Изготвување на правилник за вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.

**Подрачје (клучна област): 4. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**

**Управување и раководење со училиштето**

Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители и еден претставник од основачот,претседател на УО е претставник од редот на родители.

Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одбор и до сега нема случај на неодржување на седниците поради немање кворум за работа. Членовите се известуваат писмено, со покани и по електронски пошта најмалку три дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури. Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во работата на училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и промовира добра пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница. Директорот го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

Одлуките што ги носи раководителот на училиштето се во писмена форма , донесени од мнозинството членови присутни на состаноците, се евидентираат во Записник од Наставнички и Одделенски совет, а потоа се истакнуваат на огласната табла, како би можеле вработените и родителите навреме да бидат информирани за прашањата што биле предмет на расправа. Одлуките кои се донесуваат по разгледување оглас за пополнување работни места се доставуваат по писмен пат, на домашна адреса, лично до лицата што конкурирале на огласот. Органите на управување и раководење се запознати со методологијата на спроведување на седумте чекори на еко-менаџмент од еколошката програма.

На прашањето: “ Кој е одговорен за годишното планирање и дали постојат активности за долгорочно планирање во училиштето?“ директорот одговори дека годишното планирање редовно се изготвува. Одговорен за изготвување на годишната програма за работа на училиштето е директорот, а во истата земаат учество психологот, библиотекарот, сите наставници по тимови, училишните активи и тела. Посебен акцент се става на планирањето на активностите од компонентите на новите проекти и изготвување на акциони планови за истите. Изработен е развоен план кој во најголем дел е реализиран . Се изработуваат долгорочни, годишни планови и програми за потребните инфраструктурни зафати во училиштето, како и програми за соработка со локалната средина.

Од интервјуто со Директорот може да се заклучи дека како критериум за вработување на наставник најважна улога има квалитетот. При распределбата на часови се води сметка прво наставниците кои се

вработени на неопределено време да добијат полн фонд на часови, а распределбата на работните задача се прави врз основа на предлозите кои ги даваат самите активи, со евентуални промени во зависност од потребите, можностите и проценките за најдобра реализација на предвидените активности за наредната учебна година. Се смета дека сите наставници ги исполнуваат условите предвидени со законот за основно образование според кои се оспособени за изведување на настава по соодветниот предмет, но секако дека во рамките на потребите и можностите истите се дообучуваат.

Од спроведената анкета за родители и наставници добиени се следните податоци:
98 % од анкетираните родители и 98 % од анкетираните наставници одговориле дека се задоволни од управувањето и раководењето на училиштето.

97% анкетираните родители и 98% од анкетираните наставници одговориле дека доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки.
97% од анкетираните родители и 98 % од анкетираните наставници одговориле дека Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите и вработените.

97% од анкетираните родители и 97 % од анкетираните наставници одговориле дека се информирани за поголемиот број на донесени одлуки во училиштето.

98, % од анкетираните родители и 98% од анкетираните наставници одговориле дека Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето.

**Јаки страни**

- Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите, вработените и локалната самоуправа.

**Слаби страни – слабости**

- Непостоење на Правилник и Политика за поттикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.

**Приоритети**

- Изготвување на Правилник и Политика за поттикнување, мотивирање и вреднување на наставниот/ненаставниот кадар.

**Подрачје (клучна област): 5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**<u>Комуникации на ниво на училиште</u>**

Индикатори:

1.Комуникации на ниво на училиште

2.Комуникации на ниво на училница

3.Комуникации со окружувањето на училиште

**Комуникација директор - вработен**

Комуникацијата на директорот со наставниците се реализира преку работни тимови, Наставнички совет, стручни активи, комисии и индивидуални средби. Вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети. Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање, пофалување, и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја.

**Стручен соработник - наставник**

Комуникацијата се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на психологот, преку Наставнички совети, работни тимови, комисии и стручни активи. Наставникот добива подршка при реализација на дополнителана, додатна настава и воннаставни активности, натпревари, индивидуални разговори, проекти, семинари, посета на часови, помош и поддршка на приправници како и преку заедничко работење со стручните тимови во училиштето. Целта на комуникацијата на психологот со наставниците, родителите е постигнување на резултати, соработка и позитивен афирмативен однос.

**Комуникација наставник-наставник**

Повеќето од наставниците соработуваат меѓу себе од иста или различна група на предмети. Комуникација на наставниците е преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, отворени часови, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште и потполно се остварува соработката со наставниците од други училишта.

**Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал**

Соработката помеѓу наставникот / стручениот соработник и административно техничкиот персонал се остварува со навремени информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски. Се врши постојано сервисирање на опремата и наставните средства од страна на хауз мајстор, а се води и грижа за хигената во училиштето.

**Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи**

Редовно се одржуваат планираните состаноци на кој се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми и за подобрување на севкупното работење на училиштето

• Состаноците на паралелката се одржуваат согласно предвидената динамика во годишната програма за работа на училиштето.Од страна на наставниците се даваат предлози за подобрување на наставниот процес, се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците , и се даваат предлози за подобрување на постигањата на редовноста и дисциплината на учениците

• Се даваат предлози за подобрување на планирањата на часовите,примена на нови форми и методи и техники на учење.Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција, за поголема примена на ИКТ, примена на Е-содржини, интеграција на Еко активности и МИО активности.

Стручните активи превземаат активности за подобрување на наставата и оценувањето на учениците и се превземаат активности за планирање на часови и вонннаставни активности за ЕКО и МИО.

**Јаки страни**

- Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес
- Се вршат редовни анализи на постигањата , редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште
- Се применуваат сите новитети што се дел од воспитно образовниот процес.

**Слаби страни**

- Несоодветно информирање ( по мејл комуникација, без обука или семинар) за воведување на одредени програми и проекти кои се дел од задолжителните активности на секое основно училиште
- Постојат проблеми во однос на работа со деца со ПОП, односно нема доволен број на обуки од оваа проблематика.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Редовно да се бара соодветно информирање за воведување на одредени програними проекти кои се дел од задолжителните активности на секое основно училиште
- Изготвување на план за обуки за работа со ученици со ПОП и соработка со надворешни провајдери.

**<u>Комуникации на ниво на училница</u>**

**Комуникација ученик -ученик**

• На транспарентен и демократски начин се врши избор на претставниците во ученичките заедници. Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини и помош на ученици од социјално ранливи категории и др . вид на проблеми. Воглавно се организираат работилници и активности за почитување на различностите ( работилници од Образование за животни вештини, МИО активности и работилници кои ги спроведува психологот).

**Комуникација наставник - ученик**

• Постои соработка помеѓу наставниците и учениците, добра комуникација со учениците, еднаков приод и взаемна почит. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа со давање на постојана усна и пишана повратна информација за постигање на

учениците. Наставниците редовно даваат поддршка на учениците со ПОП, емоционални социјални и здравствени потешкотии.

**Комуникација стручен соработник/психолог - ученик**

• Учениците се информирани за дејноста што стручниот соработник – психолог ја извршува во училиштето. Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник - психолог доколку се соочат со било каков проблем. Психологот дава информации и спроведува активности при професонална ориентација, ги информира за нивните права и обврски како и активности кои ги планира училиштето, организира советувања за ученици и работилници и тестирања за различни теми. За подобрување на успехот редовноста и дисциплината психологот редовно организира советување за учениците.

**Јаки страни**

- Наставниците имаат воспоставено одлична комуникација со учениците , еднаков приод, взаемна почит и поддршка
- Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување
- Психологот има воспоставена одлична комуникација со учениците, преку еднаков и правичен однос, поддршка и помош.

**Слаби страни**

- Постои делумна меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини меѓу учениците ( ученици кои покажуваат подобар и послаб успех).

**ПРИОРИТЕТИ**

- Да се подобри меѓусебната соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини меѓу учениците ( ученици кои покажуваат подобар и послаб успех) преку организирање на работилници ( наставници и психолог).

**Комуникации со окружувањето на училиште**

**Комуникација со родителите на учениците**

- Училиштето активно комуницира со родителите преку родителски средби, индивидуални и заеднички, Совет на родители, работилници и проекти и организирање на посети надвор од училиштето
- Комуникација со институции од централно ниво:МОН; БРО; ДПИ; ДИЦ
- Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО.
- ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно-образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација. ДИЦ соработува со училиштето преку спроведување на екстерното и интерното проверување на учениците.

**Комуникација соинституциите од Локалната самоуправа - Градоначалник, општински совет и јавни установи**

- Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од Советот на општината, и преку секторот за образование во општината

- Соработката со локалната самоуправа може да биде преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето

- Комуникацијата на училиштето со јавните установи се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето.Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитарана дејност и детска градинка во општината
- Комуникација со други образовни институции во РМ и надвор од државата

- Училиштето има потпишано Меморандум за соработка и и заеднички активности со ООУ.„Кочо Рацин“ с.

  Огњанци , општина Петровец во рамките на проектот за МИО.

**<u>Комуникација со граѓански здруженија и донатори</u>**

• Училиштето делумно остварува комуникација со граѓански здруженија и донатори при реализација на одредени проекти
• Училиштето делумно остварува комуникација со бизнис сектор.

**Јаки страни**

- ➢ Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО , ДПИ , ДИЦ )
- ➢ Постои соработка со јавни установи.

**Слаби страни**

- ➢ Постои делумна вклученост на родителите во организација на предавање ,трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми

**Приоритети**

- ➢ Да се подобри вклученоста на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.

**Подрачје (клучна област): 6. КЛИМА И КУЛТУРА**

**<u>Севкупна грижа за учениците</u>**

**Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**

Врз основа на интервјуто со директорот на училиштето констатирано е дека во училиштето постојат безбедни услови за изведување на настава и воннаставни активности како во училниците така и во спортската сала.

Изработен е план за евакуација и спасување при елементарни непогоди, вработените имаат посетена обука на истата тема, но сеуште не е направена симулација во училиштето и истакнат е транспаретно планот за евакуација во сите три објекти.

**Превенција од насилство**

Од интервјуто со психологот и анализата на извештаите по класификациони периоди и годишни извештаи може да се увиди дека во училиштето се реализира Програма за превенција од насилно однесување под раководство на тимот за превенција од насилно однесување составен од наставници и стручен соработник – психолог. Освен програмата, училиштето има изготвено и Политика за справување со насилни однесувања во училиштето.

Во рамките на реализација на наставните содржини од Образованието за животни вештини се реализират содржини на следниве теми: справување со насилничко однесување, разрешување конфликти со ненасилно однесување и начини на комуницирање и сл . Во погорните одделенија се реализираат работилници за ненасилно однесување и разрешување конфликтни ситуации со разговор и помирување и изнаоѓање прифатливи решенија . Сите наставници, стручната служба и директорот водат грижа за безбедна средина за учење и творење . Освен на часовите за Образование за животни вештини, овој тип на работилници за превенција од насилничко однесување - врсничко насилство и ненасилна разработка на конфликти, се реализираат и како дел од Програмата на ученичката заедница.

**Заштита од пушење ,алхохол и дрога**

Како дел од Програмата на психологот на училиштето се реализираат активности со цел информирање, превенција и заштита од пороците на зависност. Овие активности се спроведуваат во соработка со невладини организации кои се засегнати за овој проблем. Учениците од VI до IX одделение имаат можност да слушнат и да бидат дел од работилници на следниве теми: ,,Заштита од порокот на 21 век - дрогата “, работилница на тема ,,Болести на зависност” , “Заштита од пушење“ и ,,Превенција од зависности “.

Од увидот на оддленеските дневници може да се констатира дека голем број содржини и работилници на одделенските часови се реализираат на теми поврзани со превенција и заштита од зависности.

**Квалитет на достапна храна**

Поголем дел од учениците купуваат храна во блиските сендвичари и пекари кои нудат квалитетна храна безбедна за учениците.

Информирањето и запознавањето на учениците со важноста за здрава исхрана се реализира и во рамките на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку одредени кампањи и акции кои ги реализира училиштето .

**Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**

Во интервју со директорот добивме сознанија дека во училиштето има изградено пристапна рампа . Исто така, во училиштето се води евиденција за учениците од социјално ранливите категории, но сеуште не постои процедура за давање помош на овие ученици. Училиштето преку хуманитарни акции, базари, панаѓури се вклучува во помош и поддршка на социјално загрозените и ранливите групи на ученици/семејства кои се дел од нашето училиште или пак се дел од членовите на невладините здруженија на ниво на општина Илинден.

**Хигиена и заштита од болести**

Создавање секојдневни хигиенски навики кај учениците е неопходен елемент за зачувување и одржување на здравјето. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Хигиената е на високо ниво како во училниците така и во ходниците, по скалите и во сите други простории во училиштето. Ходниците и скалите се чистат најмалку и редовно дезинфицирани, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст. На почетокот на секоја учебна година во училиштето се врши дезинфекција и дезинсекција. Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпад што може да се рециклира. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има корпи за отпадоци со соодветна ознака.

Училиштето има изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. Секоја учебна година редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците.. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички развој и раст.

Во училиште се организираат и предавања за едукација на учениците во врска со опасноста од дрогата, консумирање на алкохол, потребата од информирање за сидата како болест и мерки за заштита. Во училиштето од страна на одделенските наставници, родителите стручни на ова поле, и стручни здравствени лица реализираат предавања за начините, видот, употребата на здрава исхрана која е значајна за раст и развој на децата. Исто така во време на актуелни вирусни заразни заболувања (жолтица, заушки, птичји грип, свински грип) учениците се информираат преку информативен материјал, предавања и читање на реферати за симптомите и превентивните мерки за заштита.

**Грижа за учениците со здравствени проблеми**

Мал процент од учениците се соочуваат со здравствени проблеми за кои училишптето треба да води посебна грижа .

Учениците кои поради заболување или посериозни повреди подолго отсуствувале од наставата имаат можност за надополнување на изгубените наставни содржини преку организирање на дополнителна настава.Одделенските раководители постојано ја следат сосотојбата на идентификуваните ученици , нивниот развој и закрепнување. Исто така на овие ученици им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители и здравствените установи. Постои законска процедура,според која , на учениците, кои од здравствени причини не можат да ја следат наставата,им се овозможува полагање одделенски испит. Исто така психологот на училиштето преку советување на родителите и учениците, за учениците кои имаат поголем број на изостаноци (повеќе од 100) заради болест им дава психолошка помош и поддршка.

**<u>Советодавна помош за понатамошно образование на учениците </u>Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование**

Училиштето им обезбедува на учениците јасни точни и навремени информации за да го направат изборот на соодветно средно училиште. Тоа го прави преку реализирање на Програмата за професионална ориентација, работилници, пишување есеи, предавања, посета на саем на образование и преку користење промотивни материјали на средните училишта.

Во училиштето има Професионално катче, во кое се истакнуваат творби (литературни, ликовни) од учениците и информативен материјал за видовите на професии.

Психологот преку разговори, социометриски скали, анкети и работилници ги поттикнува ученици на размислување за изборот на идните професии.

Во училиштето се реализираат посети од страна на средните училишта за информирање на профилите во нивните училишта. Учениците од IX одделение се тестираат со стандардизирани тестови за општа интелегенција и спечифични интелегенции, понатаму се соопштуваат резултатите и се водат индивидуални и групни разговори со учениците пред запишувањето во средно училиште при што се насочуваат според покажаните знаења и способности. Училиштето нуди општи информации за средните училишта.

**Грижа за учениците со емоционални тешкотии**

Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални тешкотии, при што се води грижа за социо - културниот статус на семејствата, ситуациии на појава на болест во семејството, отсуство на еден од родителите, социјална негрижа.

Со овие ученици и родители советодавно се работи од страна на наставниците и психологот, а доколку е потребно се упатуваат во релевантни институции ( Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, МКФ).

За психичкиот и физичкиот развој на учениците психологот и одделенските наставници добиваат информации од родителите на децата уште при уписот во прво одделение. Исто така, постои јасно дефиниран систем за работа со ученици со посебни образовни потреби во соработка со наставниците, родителите, психологот и дефектологот од ПОУ Иднина.

Училиштето има план за следење и решавање на емоционалните проблеми на учениците.

**Училишна клима и односи во училиштето**

ООУ „Браќа Миладиновци“ е препознатливо по квалитетот на работата на наставниците и по угледот кој го ужива од страна на родителите и останатите заинтересирани структури во општеството. Имено, главните правци на работење на училиштето произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето.

Мисијата и мотото на нашето училиште е:

Нашето еко - училиште е пријатно катче за стекнување знаења, воспитување и толеранција помеѓу учениците, родителите и вработените. Со професионален пристап на вработните и употреба на информатичката технологија го подобруваме квалитетот на наставата и ја афирмираме и промовираме нашата воспитно-образовна институција.

**Мото :**

**“Училиште со еднакви можности за раст и развој!”**

Во колективот постои заедничка визија за насоките на развој на училиштето и за начините како тоа треба да се реализира. Визијата на училиштето е : "Подобри услови за работата на училиштето,унапредување на мултикултурната соработка и помагање на учениците од социјално ранливите категории, ќе создадеме квалитетна клима за работа и ќе го подобриме училишниот успех".

Во училиштето се спроведува воспитување и образование во духот на толеранција и почитување на културните, верските, половите разлики и разликите во способностите на учениците. Наставата професионално се изведува при што се користат современи техники и наставни материјали, се достигнуваат високи резултати и успеси, па училиштето ужива добар имиџ во општината. Поголем дел од вработени се грижат за висок квалитет во извршувањето на своите задачи. Наставниот кадар ужива респект кај учениците и родителите, а учениците и родителите се чувствуваат прифатено и добредојдено во училиштето. Според анкетите 100% од наставниците вработените во училиштето се грижат за угледот на училиштето и неговиот напредок.

Според 100,% од наставниците училиштето се грижи за безбедноста и здравјето на учениците. За време на малите и големите одмори има по тројца дежурни наставници во училиштето и во училишниот двор. Според 98 % од наставниците, наставниците и учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Во однос на грижата за здравјето на учениците, училиштето е во постојана соработка со здравствените установи. Одделенскиот наставник води евиденција и навремено ги информира родителите и учениците за термините на вакцинациите. Во училиштето често преку предавања се промовираат здравјето и хигиената на учениците. Училиштето има изготвено Правилник на однесување / Кодекс на однесување кој содржи принципи, правила и обврски на сите структури во училиштето и истиот е објавен на службениот влез и во училниците. Во изработката на Кодексот партиципираа сите заинтересирани субјекти.

Кодексот е поставен на влезот од службениот влез, во секоја училница во помали формати, а во наставничката канцеларија истиот не е истакнат. Во училиштето 97% од наставниците по спроведената анкета се согласуваат дека се почитуваат принципите и правилата на однесување кои се пропишани во Етичкиот кодекс на училиштето и Куќниот ред, а 3% делумно се согласуваат.

Работната атмосфера и добрата соработка која се заснова на взаемна доверба и почит меѓу стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето овозможуваат позитивна клима во училиштето. За тоа говори и комуникација меѓу самите наставници и комуникацијата во рамките на образовниот процес. Помеѓу наставниците во училиштето владеат добри односи според 95% од наставниците, додека пак 5% делумно се согласуваат со овој став.

Помеѓу наставниците и учениците владеат одлични односи според 93%од наставниците, 7% делумно се согласуваат. Односите меѓу учениците од ист и различен пол или од различно етничко потекло се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање.

Односите меѓу учениците со различни способности и социјални структури се базираат на меѓусебно почитување.

Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Изостанувањата најчесто се од оправдани причини, болест, лоши временски услови и др. Нема појава на бегање од часови. Изречените педагошки мерки се според Правилникот за изрекување на педагошки мерки со кој се регулира поведението и изостанувањето на учениците.

Со овој Правилник се запознаени преку одделенските наставници и психологот , но не е е истакнат на во училниците.

Дисциплината на учениците задоволува. Во училиштето постои работна атмосфера за време на часовите и вонннаставните активности.
Помеѓу наставниците и учениците владеат одлични односи. За време на наставата, одморите и воннаставните активности постои ред и дисциплина. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште, внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во наставата.

**Промовирање на постигањата**

Наставниот кадар учествува во организирање на средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се мотивирани за соодветни постигања на ниво на училиште и на разни натпревари. Наставниците ги мотивираат учениците, ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари користејќи го пофалувањето како техника за поттикнување на учениците. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина и става акцент на бројни активности во таа насока. Училиштето и наставниците им даваат можности на учениците согласно нивните способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. За промовирање на личните постигнувања на учениците во училиштето се органиизираат слободни активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и талент. Се организираат активности од обласа на уметноста, културата, но и спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, учество на општински натпревари, активности во кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, креативност, интереси, желби и др. Исто така се организира додатна и дополнителна настава.
Личните трудови и изработки на учениците се изложуваат во училниците и училишните холови, на социјалната мрежа Фејсбук, на локалните медиуми и сл.
По спроведената анкета кај учениците за промовирањето на нивните постигања во рамките на училиштето и во рамките на локалната заедница 96% се согласуваат со оваа констатација и 6% делумно се согласуваат. Промовирањето на постигањата во име на училиштето се изведува со објавување на Фејсбук страната на училиштето и на опшинскиот веб - сајт. Постои Правилник за пофалби со соодветни критериуми. Во училиштето секоја година на наставничкиот совет се врши избор на ученици со континуиран одличен успех и превенец на генерација.

Училиштето нема политика на поттикнување на наставниот кадар. Во училиштето има изработено Правилник за наградување на ученици кои постигнуваат успех на ниво на училиште, но и пошироко во заедницата и на тој начин го промовираат училиштето. Училиштето за учениците кои се истакнуваат,соодветно ги наградуваат и јавно пофалуваат.

**Еднаквост и правичност**

Вработените во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги остваруваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници и предавања, состаноци на ученичката заедница за да ги запознае децата со нивните права. Исто така на одделенските часови, наставниците ги промовираат правата на децата, а на родителските средби училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата. Стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето еднакво ги почитуваат правата на децата независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат нивните права и ги заштитува, доколку нивните права се нарушени. Влијание врз еднаквоста и почитувањето на правата на децата имаат посетите на часовите и постојаното следење на наставниците од страна на директорот и психологот. Психологот редовно ја следи работата и залагањето на наставниците и нивниот однос кон учениците.

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и вонаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Некои наставни предмети третираат проблематика од еднаквост и правичност. На наставниците постојано им се инструира ( индивидуално или на Наставнички совет) да ги почитуваат принципите за еднаквост и правичност во однос на сите учениици. Училиштето постојано работи на создавање на позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски час, презентации на стручни активи со таа тематика. Во училиштето најголем дел од учениците се со македонска етничка припадност. Во училиштето има еден ученик со потешкотии во движењето и еден ученик со аутистичен спектар. Ученикот со аутистичен спектар е ученик во трето одделение и истиот има обезбедено образовен асистент од страна на ресурсен центар „ Иднина “. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава социјална клима како меѓу учениците така и меѓу наставниците и учениците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава, советодавни разговори со директор, педагог, родители, одделенски раководители, реализација на воспитни теми од оваа област.

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Се спроведува воспитување и образование во духот на толеранција и почитување на културните, верските, половите разлики и разликите во способностите на учениците.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.
Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. Учениците учествуваат во донесувањето на одлуки за животот и работата во училиштето, преку ученичката заедница. Помеѓу наставниците во училиштето владеат добри односи.
Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Во училиштето националните, етничките и културните разлики се прифаќаат, уважуваат и негуваат. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат. Училиштето во текот на учебната 2021/22 година склучи меморандум со партнер училиштето „Кочо Рацин“ од с. Огњанци, за реализирање на меѓуетнички активности.

***Финансиско работење***

- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива
- Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските акти и норми.
- Одговорните лица редовно дискутираат за информациите поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства.
- Училишниот одбор е запознат со финансиските активности на училиштето.
- Раководниот кадар редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветни информации за потрошените финансиски средства.
- Буџетските приоритети се тесно поврзани отсликувајќи ги приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот е распределен и се користи наменски.
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет
  Во училишниот буџет се планираат и трошат средства за потребите за нормално функционирање на училиштето во целина и тоа за:
- За основни плати и придонеси;
- Електрична енергија, вода, ѓубретарина;
- Пошта,телефон;
- Списанија и весници,објавување на огласи;
- Наставни образовни помагала;
- Поправка и одржување на компјутерска и друга опрема;
- Превоз на вработени и ученици за време на активности организирани од страна на училиштето и за училиштето;
- Средстава за хигиена, одржување на зграда,
- испитување на квалитет на вода;
- Дезинсекција и дезинфекција.

**Цели и креирање на училишната политика**

Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тие пред се, се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици.

Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.

Од спроведената анкета за родители и наставници добиени се следните податоци:

- 93, % од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници одговориле дека се задоволни од поттикнувањето и развојот на вештини и самостојност во учењето на учениците
- 87, % од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници одговориле дека се задоволни од проценувањето на учениците со различни способности или афинитети и водењето грижа за тоа секој ученик да биде соодветно поттикнат.
- 95% од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници одговориле дека наставниците редовно ги информираат учениците за нивниот напредок и постигнувања.
- 99% од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници одговориле дека родителските средби се добро организирани , а информациите за одржување на состаноците се на време доставени.
- 99% од анкетираните родители и 100% од анкетираните наставници одговориле дека училиштето дејствува во согласност со законските одредби и усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство, злоупотреба на дрога и злоставување.

Родителските средби се добро организирани , а информациите за одржување на состаноците се на време доставени.Училиштето има изработено план за развој со јасно дефинирани приоритети кои е насочен кон унапредување на квалитетот на учењето и подобрување на постигањата на учениците.За реализацијата на поставените цели ,училиштето ги информира наставниците,учениците и родителите. Со целите јасно се отсликува мисијата и визијата на училиштето.Училиштето ги идентификува и потребите за стручно усовршување на кадарот. Изготвува план и програма за професионален развој на вработените. Континуирано во текот на минатата учебна година се одвиваа обуки и семинари во оргнизација на БРО и секторот за основно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот кадар.Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално -технички средства и континуирано ги планира и обезбедува.Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат.Училиштето обезбедува средства за нивно континуирано одржување.Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето и согласно потребите врши наменско инвестирање во истото. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.

Во училиштето се спроведени активности за подобрување и модернизирање на условите за работа преку следниве активности : обезбедување на компјутери за опремување на кабинет по информатоика, обезбедување на лаптопи за секој наставник , обезбедување на таблети за секој ученик од четврто одделение, обезбедување на интерактивни табли , поставување на ограда во централното училиште, реконструкција на кровот во ПООУ „Текија“ и замена на постоечкиот котел во ПООУ „Мршевци“ .

**Јаки страни**

- Изготвен План за евакуација и спасување при елементарни непогоди
- Безбедни услови за изведување на настава и воннаставни во училиштето
- Континуирано изведување на работилници за заштита од пушење ,алхохол и дрога
- Висока развиена еколошка свест - статус “Еко училиште” со две Зелени знамиња
- Едукација на учениците за важноста на здравата исхрана се врши и во рамките на еколошката едукација во македонскиот образовен систем преку ПП-презентации кампањи и акции
- Едукација на учениците за енергетска ефикасност и промоција на училиштето надвор од општината Илинден
- Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални тешкотии
- Постојана соработка на наставниците со психологот при откривање следење изнаоѓање решенија на емоционалните проблеми на учениците
- Училиштето во најголема мера советодавно им помага на учениците при изборот на средното училиште
- Постоечка пристапна рампа за учениците со хендикеп
- Целите на училиштето се насочени кон унапредување на квалитетот и подобрување на потигањата на учениците, кои од друга страна ја отсликуваат мисијата и визијата на училиштето.

**Слаби страни – слабости**

- Изработка на Правилник за вреднување и наградување на наставниот кадар
- Изградба на спортска сала во централното училиште и адаптација на простор за изведување на настава по физичко образование во подрачните училишта
- Работа во две смени поради дефицит на училници

**ПРИОРИТЕТИ**

- Училиштето да изгради  политика на поттикнување на наставниот кадар
- Изградба на спортска сала во централното училиште и адаптација на простории во подрачните училишта за изведување настава по физичко образование
- Доградба на училници во централното училиште за работа во една смена

**Подрачје (клучна област): 7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА**

Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку учество на вработените и учениците во проекти, културни и спортски манифестации и акции од интерес на заедницата. Во деветто одделение учениците во рамките на нивната информираност за професионалната ориентација и избор на занимање односно продолжување на школувањето добиваат информации од наставниците и психологот за тоа во кое училиште можат да го продолжат натамошното образование, каков кадар е потребен и сл. Не постои формална соработка со Бирото за вработување која би дала поконкретна информација во врска со оваа проблематика.

Не постои практично оспособување на ученците во стопанските организации или сл. Но, во рамките на некои наставни предмети постои посета на работна организација или некој стопански објект. Во рамките на наставните екскурзии има посети на историски знаменитости и др. На тој начин училиштето им овозможува да се информираат и запознаат со одредени професии.

**Јака страна**

- Училиштето е отворено за соработка со родителите
- Училиштето соработува со културните центри на ниво на општина Илинден
- Училиштето превзема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата
- Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето.

**Слаба страна**

- Недоволна соработка со локалните стопански организации и фабрики
- Да се оствари контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донација за потребите на училиштето.

**ПРИОРИТЕТИ**

- Воспоставување на поголема соработка со локалните стопански организации и фабрики преку реализирање на взаемни посети ( посета од страна на учениците, но и посета од страна на претставници од фабриките на манифестациите организирани од училиштето).
- Доставување на барања за реализирање на донации ( проекти)  од страна на бизнис секторот и други социјално одговорни компании.

## Тимови по подрачја:

| П О Д Р А Ч Ј А | | ТИМ | Координатори на тимот |
|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 1** | НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ | Силвана Величковиќ<br>Офелија Груевска<br>Зоран Добревски<br>Мартина Павловска | Силвана Величковиќ |
| **ПОДРАЧЈЕ 2** | ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ | Драгица Апостоловска<br>Радица Блажевска<br>Дунчица Митровска<br>Вера Вучкова | Драгица Апостоловска |
| **ПОДРАЧЈЕ 3** | ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | Емилија Стојановска<br>Дарко Петковски<br>Лидија Николовска<br>Тројан Симоновски | Емилија Стојановска |
| **ПОДРАЧЈЕ 4** | УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ | Јованка Гроздановска<br>Јелена Савова<br>Јаким Ристовски<br>Татјана Стојчевска | Јованка Гроздановска |
| **ПОДРАЧЈЕ 5** | КОМУНИКАЦИИ И ОДОСИ СО ЈАВНОСТ | Сузана Крстева<br>Елена Карагунова<br>Габи Николовска<br>Горан Стаменков | Сузана Крстева |
| **ПОДРАЧЈЕ 6** | КЛИМА И КУЛТУРА | Билјана Смилевска<br>Марија Митрева<br>Ивана Лазаревска<br>Фросина Кузева | Билјана Смилевска |
| **ПОДРАЧЈЕ 7** | СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА | Дејан Димитријевиќ<br>Андриана Митевска<br>Александра Стоевска<br>Влатко Најдовски | Дејан Димитријевиќ |

**Координатори** Анкица Петрушевска и Татјана Н. Додевска

**Директор**

Марија Зоксимовска